**ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРИ ПОСЕТА НА ИНТЕРЕНЕТ СТРАНАТА www.ukazuvac.mk**

Со оваа политика на приватност на личните податоци се уредува начинот на кој Транспаренси Интернешнл Македонија (ТИ-М) ги собира, користи, одржува и открива податоците собрани од корисниците при посета на нејзината интернет страна www.ukazuvac.mk.
Оваа политика за приватност се однесува единствено за наведената интернет страна и не се однесува на личните податоци што ТИ-М ги собира од своите корисници на друг начин.
Ваа политика на приватност не се однесува ниту на лични податоци кои ги собираат други интернет страни, до кои пристапувате преку нашат интернет страна.

## Кои информации ги собираме и за каква цел

Личните податоци кои ги прибираме од Вашата посета на нашата веб-страна се оние кои Вие доброволно ги доставувате за остварување на конкретни цели како би ни овозможиле да ги оствариме нашите овластувања.
Категории на лични податоци кои може да ги собереме: име и презиме, адреса, контакт телефон, емаил. Постои веројатност дека во Годишните извештаи на ТИ-Македонија наведување на статистички податоци за бројот на примени пријави, но истите се во форма во која не се открива ничиј идентитет.

## На кој начин се врши обработката на лични податоци

Обработката на Вашите лични податоци ТИ-М ги врши согласно прописите за заштита на лични податоци во РСМ и ги презема сите пропишани технички и организациони мерки за обезбедување на тајноста и заштита при обработка на личните податоци со кои располага.
Вработените во ТИ-М се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации до кои ќе дојдат за време на извршувањето на нивните работни задачи.

## Дополнителни информации

Земајќи ја во предвид природата на Интернетот, со неговото користење автоматски се собираат податоци за навиките и преференците на неговите корисници. При Вашата посета на нашата интернет страница може да се евидентираат податоци поврзани со вас кои сами по себе не се доволни за да идентификуваат одредено лице и претставуваат статистички показател кои се користат за подобрување на квалитетот на интернет страната. Такви информации се: името на пребарувачот на интернет, типот на компјутерот, информации за конекцијата што ја користи корисникот при посетата на интернет страната, оперативен систем, IP адреси и слични информации.

## На нашата веб страна користиме „колачиња“

Политика за користење колачиња (Cookies) се однесува за заштитата на приватноста на личните податоци при посетата на нашата интернет страницата и не се однесува за личните податоци што се собираат на други начини.
Колачињата (cookies) се мали текстуални датотеки, кои се сместуваат во вашиот компјутер или мобилен телефон од страна на интернет-страниците што ги посетувате. Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на интернет-страниците

што ги посетувате и да помогнат во вашата идентификација кога повторно ќе ја отворите интернет-страницата. Овие текстуални датотеки можат да бидат „постојани“ или „привремени“. Постојаните колачиња (cookies) остануваат на вашиот компјутер и кога ќе го исклучите пребарувачот (ќе преминете во офлајн состојба), додека привремените се бришат штом ќе го затворите интернет-пребарувачот. Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример за да се запомнат вашите активности и преференции (вклучувања, јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на интернет-страницата и да се прикаже нејзината навигациска историја
ТИ-Македонија користи само Привремени колачиња само за функционирање на веб страна, како памтење на избран јазик/превод и слично. Надвор од стандардните што ги содржи самиот систем, немаме дополнително поставувани за било каква цел од основно функционирање на веб страна.
Доколку сакате да ги ограничите или да ги блокирате „колачињата“, на нашата или на која било друга веб-страна, можете тоа да го направите со менување на поставките на Вашиот Интернет пребарувач.

## Промени во политиката за приватност на лични податоци

Транспаренси Интернешнл Македонија има право да ја ажурира оваа политика за приватност на личните податоци во било кое време. При промена на истата од наша страна ќе биде поставено известување на нашата интернет страна со датум на поставените измени. Корисникот се согласува дека негова одговорност е периодично да ја проверува Политиката за приватност и дека е свесен за настанатите промени.

## Прифаќање на условите

Со продолжување на пристапот и користењето на интернет страната www.ukazuvac.mk, Корисникот ги прифаќа одредбите од оваа Политика за приватност.
Доколку не се согласувате со оваа Политика за приватност, ве молиме да го прекинете пристапот до интернет страната.

**Транспаренси Интернешнл- Македонија**
**Датум на ажурирање Јануари 2023 година**